**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *И С Т О Р И Ј А*

***ИЗБОРНА ЗА МАТУРА***
**за III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***
***правен асистент***

**Скопје, мај 2001 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. | Назив на наставниот предмет : | ИСТОРИЈА |
| 1.2. | Струка: | Економска, правна и трговска |
| 1.3. | Образовен профил : | Правен асистент |
| 1.4. | Општо образовен предмет : | Изборна настава |
| 1.5. | Година ( Фаза на изучување на наставниот предмет ): | III година |
| 1.6. | Број на часови на наставниот предмет | |
| 1.6.1. | Број на часови неделно (неделен контакт ) : | 2 часа |
| 1.6.2. | Број на часови годишно (квота на изучување) : | 72 часа |
| 1.7. | Статус на наставниот предмет: | Изборен предмет во функција на м а т у р а |

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по историја, во стручното образование, е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења од општата историја, да се изгради вредносен систем на погледи, мислења, ставови и однесувања на младите спрема историските настани, процеси, појави и правците на идниот развој и да се продлабочи интересот за натамошно изучување на историските насоки и процеси.

## 2.1. Општи цели:

- ученикот да развие индивидуални способности за образование, самообразование и придонес во изградување на активна личност во секојдневниот живот во работната средина и пошироко во општествената средина;
- да развие сознајни интереси и масовни способности за критичко сфаќање и прифаќање на објективните вистини и законитости низ општествениот развиток;
- да развие љубов и почит кон сите народи, чувство и моралност и припадност кон државата во која живее ;
- да развие граѓанска свест и да се воспитува за мир, стабилност, плуралистичка и парламентарна демократија, индивидуални и човекови права, отвореност и соработка спрема сите земји;
- да всади љубов и почит за културна соработка и културни активности, заштита и збогатување на културното наследство.

## 2.2. Посебни цели:

- ученикот да усвои знаења за најзначајните настани, појави и процеси од општата историја;
- да ги открива причинско-последичните односи меѓу историските настани, појави и процеси и да се поттикнува и оспособува кон критичко мислење, заземање на сопствен став и убедување;
- да се оспособи да направи проценка како идеите, настаните и личностите, со текот на времето, предизвикале промени на условите кои го одредувале континуитетот на човечкото општество;
- да ги подреди настаните, процесите, појавите со цел да развие смисла на хронологија;
- да направи синтеза на еволутивниот, духовниот и културниот развиток на човекот во сите периоди од општествениот развиток.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За да можат учениците успешно да ги следат и совладаат програмските содржини предвидени за III година, неопходно е да се потсетат на успешно реализирани содржини во I година. Содржините од III година се во функција на матурата и во основа тоа се содржини кои се продлабочени и проширени од I година и на ученикот ќе му овозможат збогатување на неговото знаење, умеење и способности кои му се потребни за натамошниот успех во професијата и животот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематски целини и другите предмети |
|---|---|---|---|
| ПРАИСТОРИЈА<br><br>КАМЕНО ВРЕМЕ | Ученикот:<br>- да ги појасни и претстави главните от-критија на човекот, говорот, огнот, пр-вите живеалишта, правењето орудија и оружје;<br>- да го разликува животот на луѓето во ордата, родот, племето, братството;<br>- да ја познава организациската поделба на работа и улогата на мажот и жената. | Историски атлас<br>историска читанка,<br>цртежи, слики,<br>елемент филм-камено време<br>ЦД-Македонски древности<br>карта:Македонија<br>Балкански<br>Полуостров. | Географија,<br>мајчин јазик<br>ликовно<br>образование.<br><br>Корелација меѓу тематските целини и другите предмети се однесува за сите теми и тематски целини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **МЕТАЛНО ВРЕМЕ** | - да ги претстави промените кои настанаа со појава на занаетчиството и трговијата;<br>- да ги објасни причините кои доведоа до појава на државата;<br>- да ја разбере материјалната и духовната култура на човекот, да ги издвои првите верувања и да прави разлика помеѓу тотем и многубоштво. | Ги поттикнува учениците кон мисловни активности и организира дебата “Како човекот станал џин”.<br><br>Самостојно подготвува нај-различни предмети од праисторијата, макета на првобитно живеалиште, орудија и оружје.<br><br>Посетува археолошки локалитет, музеј и слично. | |
| **МАКЕДОНИЈА ВО ПРА-ИСТОРИЈАТА** | - да ги опише најраните траги на живот во Македонија;<br>- да ја претстави Македонија како богата земја во светот со праисториска култура;<br>- да ја потенцира важноста на Карпестата уметност во Македонија и да нагласи кои се најстарите форми на карпеста уметност. | | |
| **<u>СТАР ВЕК</u>**<br><br>**НАЈСТАРИ ЦИВИЛИЗАЦИИ** | - да ги разјасни и разложи основните карактеристики на државното и општественото уредување на државите од Стар Исток;<br>- да ги разграничи цивилизациските достигнувања во религијата, писмото, науките, уметноста, литературата. | Историски атлас,<br>историска читанка,<br>слики, цртежи,<br>елемент филм-Египет. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СТАРАТА ЕВРЕЈСКА ДРЖАВА** | - да ја определи територијата на Палестина и да објасни која била основната дејност на населението;<br>- да ги опише процесот на навлегување на еврејските племиња и промените кои настанале во родовско-племенскиот начин на живот;<br>- да го опише процесот на создавање и распаѓање на еврејската држава;<br>- да ја разбере културата и нејзините дострели кај сите народи. | Карта :<br>свет<br>Балкански Полуостров<br>Хелада<br>Рим<br><br>ЦД-историја на свет<br>изработува | |
| **Х Е Л А Д А** | - да го опише родовското уредување во Хелада од XII-VIII век пр.н.е. од изворите на Илијадата и Одисејата;<br>- да го објасни значењето на критско - микенската култура;<br>- да ги наведе причините за колонизација. | Изработува хронолошка таблица на држави од Стар Исток.<br>Анализира преку пирамидата на египетското општество каква е хиерархијата на општествените слоеви во Стар Исток.<br>Подготвува шема на развојот на писмото кај различните народи од првите цивилизации. | |
| **СПАРТА И АТИНА** | - да прави разлика и да ги спореди општественото и државното уредување во Спарта и Атина;<br>- да ги опише судирите помеѓу хеленските полиси ( трговски, економски, воени). | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КУЛТУРАТА НА ХЕЛАДА** | - да ги разбере верувањата и митологијата кај Хелените;<br>- да ги истакне причините зошто се организирале олимписките игри;<br>- да ги опише достигнувањата во културата, уметноста, литературата, науката. | Изработува преглед на значајни градби кои се сочувани до денес од државите на Стар Исток, Хелада, Рим користи текст метода преку разработка на четивата:<br>“Како била градена Кеопсовата пирамида “<br>“ Илијада и Одисеја “<br>“ Театарот во Атина “<br>“ Господарот и колонот “<br>“ Признавање на Христијанството “.<br><br>За реализација на содржините користи форми, методи и техники кои му овозможуваат ученичка работа | |
| **БАЛКАНСКИ НАРОДИ** | - да го опише формирањето на Илирското кралство ;<br>- да ги објасни културата и достигнувањата во религијата, науката, материјалните остатоци;<br>- да го разјасни формирањето на Тракијското кралство. | | |
| **НАСТАНОК НА РИМСКАТА ДРЖАВА** | - да го објасни државното и општественото уредување на римската држава ;<br>- да ги опише односите помеѓу патрицијите и плебејците;<br>- да го разбере процесот на прераснување на Рим во светска сила (освојување во Европа, Африка, Азија ). | | |
| **ВНАТРЕШНИ БОРБИ ВО РИМСКАТА ДРЖАВА** | - да ги истакне внатрешни борби во Римската држава со акцент на положбата на селаните и робовите, реформите на браќата Граси, востанието на Спартак;<br>- да ги опише граѓанските судири (војни) во Рим и создавањето на првиот и вториот Триумфират. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ХРИСТИЈАН-СТВОТО ВО РИМСКАТА ДРЖАВА** | - да го осознае односот на христијанството кон римската држава и обратно;<br>- да ги опише прогоните на христијаните и да го проучи фактот како христијанството станало државна религија. | | |
| **СРЕДЕН ВЕК ЕВРОПА ПРЕД ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ** | - да го претставува начинот на живеење кај Германите. Хуните, Словените и да ги претстави правците на преточување;<br>- да ги објасни последиците од преселбите и формирањето на новите држави. | Историски атлас,<br>историска читанка,<br>слики, цртежи,<br>елемент филм – “Развој на средновековен град”. | |
| **ЕВРОПА И НЕЈЗИНОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО СРЕДЕН ВЕК** | - да го објасни државното и општественото уредување на новоформираните држави во Европа;<br>- да ги опише општествено-економските односи, начинот на обработка на земјата и да ги претстави кои се општествените слоеви (пирамидата на хиерархија);<br>- да даде белег на јустинијаковиот кодекс | Карта: Европа<br>Византија од V-XII век<br>Арабиски Полуостров<br>Балкански Полуостров. | |
| **УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО СРЕДЕН ВЕК** | - да ја претстави улогата и значењето на христијанската религија, нејзиното влијание, примањето на христијанството;<br>- да го истакне ширењето на исламот, муслиманската ера. | Употребува апликации и се претставуваат правците на преселбите,<br>изработува шема на општествените слоеви што се во феудалното општество | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КУЛТУРАТА ВО СРЕДЕН ВЕК** | - да ги опише достигнувањата во културата во државите во Европа во среден век со акцент на културата во Византија, кај Франките и Арабјаните;<br>- да ги објасни достигнувањата во областа на науката, уметноста, книжевноста, градежништвото. | Поттикнува критика, мислење и однесување кон културата и културното наследство во средниот век<br>користи историски текст:<br>“ Илјада и една ноќ”<br>“ Арапската култура” | |
| **ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК** | - да објасни кои беа причините за развој на средновековните градови;<br>- да го уочи општествено-економскиот напредок и борбата за превласт во градовите, централизација на власта. | | |
| **СОЗДАВАЊЕ НА НОВИ ДРЖАВИ НА БАЛКАНОТ** | - да го опише создавањето на Латинското церство;<br>- да го објасни создавањето на Второто Бугарско царство;<br>- да го објасни создавањето на државата на Немањиќите;<br>- да ја опише положбата во Албанија во XIII век. | | |
| **ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА** | - да го опише создавањето на османлиската власт, ширењето на државата, почетоците на навлегување на Балканскиот Полуостров. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПОТПАЃАЊЕ НА БАЛКАН-СКИТЕ ДРЖАВИ ПОД ОСМАН-ЛИСКА ВЛАСТ** | - да го објасни навлегувањето на османлиите на Балканот;<br>- да ги опише причините и кога дојде до потпаѓање на балканските држави Бугарија, Србија и Албанија под османлиска власт. | | |
| **НОВ ВЕК ГРАЃАНСТВОТО ВО БОРБА ЗА НОВИ ПОЛИ-ТИЧКИ ПРАВА** | - да ја објасни положбата на сталежите, каква е улогата на парламентот, каква е економската моќ на граѓанството;<br>- да ја истакне борбата против апсолутизмот на владетелите. | Историски атлас, историска читанка, слики, цртежи, графикони. | |
| **ГОЛЕМАТА ФРАНЦУСКА РЕВОЛУЦИЈА** | - да ја опише состојбата во Франција во време на јакобинската диктатурата, донесувањето на Уставот;<br>- да ги претстави освојувањата на Наполеон, прогласување на церство;<br>- да ги објасни одлуките на Виенскиот Конгрес. | Карта: Европа<br>свет<br>карикатура – сталежите во Франција. | |
| **ПОДЕМ НА ЕВРОПСКАТА ДЕМОКРАТИЈА** | - да ја опише парламентарната демократија, појавата на социјалистичката идеја, улогата и значењето на Парискатa Комуна, борбата на жената за политички права. | Изработува макета на средновековен град организира дебата на тема: “Зошто е потребно граѓанско општество “. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КУЛТУРАТА ВО ЕВРОПА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК** | - да го опише развојот на науката ( природни, општествени );<br>- да ги претстави достигнувањата во ликовната уметност, сликарството, вајарството, архитектурата. | Ја претставува во преглед културата во Европа во XIX век.<br>Употребува текст метода:<br>“ Настанување на еден средновековен град”<br>“Од француската демократија за правата на човекот и граѓанинот во 1789 год.”<br><br>Употребува постапки, техники, форми, методи кои му покажуваат успех во работата. | |
| **РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСТВОТО ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ** | - да го објасни општествено-економскиот развој на Балканските народи;<br>- да го забележи подемот на занаетчиството и трговијата, појава на интелегенцијата. | | |
| **Разгорување на национално-ослободителното движење кај балканските народи под османлиската власт во почетокот на XIX век** | - да ги претстави ослободителните борби на српскиот народ;<br>- да го опишат грчкото востание и стекнување на независност;<br>- да го објасни Априлското востание во Бугарија;<br>- да го опише ослободителното движење во Албанија. | | |
| **Миграции и емиграции од крајот на XVIII в. до Првата Светска војна** | - да ги објасни причините (економски, воени, верски, лични), етничките промени кои настанаа кај балканските народи;<br>- да ги опише последиците од миграциите | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **<u>НАЈНОВО ВРЕМЕ</u>**<br><br>**Спротивности во Првата Светска војна** | - да ги разберат причините за спротивностите кои се појавија во меѓународните односи;<br>- да го опише значењето на меѓународните конференции и создавањето на друштвото на народите;<br>- да ја опише големата економска криза;<br>- да го објасни национално-ослободителното движење во Индија и Кина. | Историски атлас, историска читанка слики, цртежи.<br><br>Карта: свет, Европа<br><br>Користи извори на знаење-прирачници, енциклопедии, индивидуални средства. графоскоп, организира трибина на тема: "Што носи војната" применува игровни ативности и асоцијации. | |
| **НАУКАТА и КУЛТУРАТА во светот меѓу двете светски војни** | - да ги разбере почетоците на новите научни погледи, развојот на техниката, и технологијата, развојот на културата. | | |
| **ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА** | - да ја објасни поделбата на антифашисттичката коалиција;<br>- да го претстави карактерот, резултатите и последиците од војната. | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во наставно-воспитната работа, наставникот треба да ги применува сите методи кои ги познава, методиката на наставата по историја и да ги користи творечки. Активниот избор и примена на наставните методи: вербално-текстуалната, демонстративно-илустративната, експерименталната и комбинираната, овозможуваат да се определи текот на наставниот час, т.е. какви и кои активности треба да ги исполни наставникот и ученикот.

Успехот во наставата во најголема мера ќе зависи и од правилниот избор на разните организациони форми. Во зависност од карактерот, целта и задачите на наставната содржина, а тргнувајќи од конкретните услови во секое училиште, како и од местото и улогата на наставникот и ученикот, главно се користат фронталната, индивидуалната, групната форма, програмирана работа, индивидуализирана, работа во парови и сл.

### Активности на наставникот

Наставникот, главно, е организатор на часот, тој определува кои методи и форми ќе ги користи, осмислува како и во кој дел од часот ќе ги примени. Тој е насочувач, постојано поттикнува дискусија, објаснува, подготвува избор на наставни и нагледни средства, цртежи, шеми, графикони, демонстрира, дава инструкции за работа, ја оценува работата на учениците и ги поттикнува на самооценување, ги активира на анализа, донесување на заклучоци, врши артикулација.

### Активности на ученикот

Активната улога и позиција на ученикот во наставата, главно, се изразува преку поттикнување и развивање на соработнички однос меѓу наставникот и ученикот, преку учење со разбирање, самостојна работа, преку користење на бројни извори на знаења, преку проблемска настава. Активностите на ученикот треба да бидат насочени кон: следење, давање одговори на поставени прашања и поставување прашања, опишување, критичко мислење и откривање на причинско-последичните врски, давање на свој суд, правилно користење на македонскиот литературен јазик, анализа, заклучок, логичко размислување и индивидуална работа.

## 4.3. рганизација и реализација на наставата

Организацијата и реализацијата на наставата е во согласност со Законот за средно образование и Годишната програма за работа на училиштето. Наставата се организира во училница, кабинет или специјализирана училница со примена на нагледни средства и активности што ги подготвува наставникот. Во зависност од условите и можностите, наставата може да се организира и надвор, како теренска настава, посета на музеј, архиви, изложби, археолошки локалитети и сл.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За успешна реализација на Наставната програма по историја, наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со Нормативот за нагледни средства по историја.

За успешна реализација на наставата, наставникот ќе користи аудиовизуелни средства: графоскоп, дијапроектор, кинопроектор, компјутер; ќе врши посета на историски локалитети, посета на музеи, архиви, изложби; ќе користи извори на знаења ( Зборник на документарен материјал. монографии, прирачници, енциклопедии, методика на настава по историја, карти и сл.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и вреднувањето на работата на учениците, секогаш треба да има стимулативен карактер, да мотивира и да се темели на систематска работа.

Наставникот по историја, ги вреднува усните одговори, писмените работи – домашни и училишни, рефератите, како и активностите кои ученикот ги покажува во текот на часот.

Еден од реалните инструменти за проверување и оценување на учениците е тестот. Оценката од тестот не смее да биде дефинитивна, туку напротив споредбена и да послужи за објективно заклучување на оценката.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни арактеристики на наставниците

Наставникот треба да зрачи со својот изглед , зрелост и значајна образовна улога, стручно-дидактичко методско знаење, способност за реализирање, оценување и усовршување на Наставната програма. Тој е лидер и менаџер во наставниот процес, организатор, креативец, планер и способен да остварува комуникација со

учениците, со соодветни стручни институции, работи со талентирани ученици и оспособен да применува современи форми, методи и постапки на работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

За реализација на Наставната програма по историја за средно образование, потребни се наставни кадри кои имаат завршено студии по историја на: Филозофски факултет – Институт за историја VII-1.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата ќе се реализира во училишта и други простории, со средства и потребна опрема, според Нормативот за настава по историја.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2001 година

### 7.2.Состав на работната група :

1. Јосиф Милчески, советник, Биро за развој на образованието, ПЕ -Гостивар
2. М-р Ѓоко Исајловски, професор во ДСУ “ Васил антевски-Дрен” – Скопје
3. Д-р Коста Аџиески, професор на Филозофски факултет – Институт за историја - Скопје
4. Љубомир Трајковски, стручен работник по историја – Велес.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за ***историја,*** ја одбори (донесе) ______________________________ со решение бр. ______________од ______________2001 година.